**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 03-195**
**11.04 2018 година**
**Скопје**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-1767/1 од 03.04.2018 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради неспроведување најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела, од страна на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка - опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а казнива по член 147 став 1 точка 14 од истиот Закон, на начин што Трговското радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје во текот на една недела, односно во периодот од 5 март до 11 март 2018 година, воопшто не го спроведуваше програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата за радио емитување, бр.08-66 од 05.01.2015 година, односно Трговското радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје не емитуваше говорни, новинарски осмислени програмски целини, при што вкупно емитуваната 168 часовна содржина беше составена од музика.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1767/1 од 03.04.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на

аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка – решение за опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за програмски работи, на 3 април 2018 година, по службена должност изврши вонреден програмски надзор (мониторинг) на радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво (ТРД) РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, емитуван во текот на една недела, односно во периодот од 5 март до 11 март 2018 година, при што беше констатирано прекршување на член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кој пропишува дека радиодифузерот е должен да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела.

Имено, според програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата за радио емитување бр.08-66 од 05.01.2015 година, за период од 9 години, ТРД РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје треба да биде говорно радио со претежно информативен општ формат. Според Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите („Службен весник на Република Македонија" бр.172/2014), форматите за овој вид радиски програмски сервиси се определуваат според два критериуми: (1) според застапеноста на говорните содржини во вкупната емитувана програма во текот на една седмица, без времето одвоено за содржините што не подлежат на класификација и (2) според структурата на говорните содржини по вид аудио програми и медиумски функции (информативна, забавна и образовна) што тие ги исполнуваат (член 9 од Правилникот). Застапеноста на говорните содржини во вкупната емитувана програма во текот на една седмица кај говорно радио треба да биде над 25% (член 10 од Правилникот). Говорните радија од општ формат мора да содржат најмалку 3 (три) од видовите аудио програми утврдени во Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми, при што видовите програми мора да исполнуваат најмалку две или претежно една медиумска функција (член 11 од Правилникот). Кај говорните радија од општ формат, кај кои говорните содржини од програмата исполнуваат претежно една медиумска функција, таа не смее да биде застапена со помалку од 50%, ниту со повеќе од 65% во говорниот дел од програмата во текот на една седмица (член 15 од Правилникот). Говорните содржини од програмата на ТРД РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје треба да исполнуваат претежно информативна функција и не смеат да бидат застапени со помалку од 50%, ниту со повеќе од 65% во говорниот дел од програмата во текот на една седмица.

Во програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата за радио емитување (достапен на веб страницата на Агенцијата: www.avmu.mk), ТРД РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје пријавило дека: говорниот дел од програмскиот сервис ќе го емитува на македонски јазик; застапеноста на говорните содржини во вкупната емитувана програма во текот на една седмица ќе биде 37.9%; говорниот дел од програмата ќе биде составен од 15 видови аудио програми утврдени во Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми кои ќе ги исполнуваат сите три медиумски функции (информативна, забавна и образовна); структурата на говорниот дел од програмата според медиумските функции ќе биде: 58.28% - застапеност на аудио програми со информативна функција, 7.68% - застапеност на аудио програми со образовна функција, 34.04% - застапеност на аудио програми со забавна функција; застапеноста на сопствената програма на неделно ниво ќе биде 55 часа и 20 минути; и застапеноста на македонски аудио дела (изворно создадена програма) ќе биде 50% од вкупното време на емитуваните видови програми во говорниот дел од програмата во текот на едно деноноќие.

Врз основа на извршениот надзор беше констатирано дека ТРД РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје во седмицата од 5 до 11 март 2018 година, не емитуваше говорни, новинарски осмислени програмски целини. Вкупно емитуваната 168 часовна содржина беше составена од музика, а наведениот радиодифузер воопшто не го спроведуваше програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата за радио емитување, бр.08-66 од 05.01.2015 година што е спротивно на член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1767/1 од 03.04.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1767/1 од 03.04.2018 година, поради констатирано непочитување на одредби од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое се опоменува Трговското радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје и му се наложува во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1767/1 од 03.04.2018 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во Трговското радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, Одговорен уредник;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува:

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| | 03.04.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1767 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** радио програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво Радио Слободна Македонија ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** од 5 до 11 март 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 3 април 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*Радиодифузерот е должен да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела*).

6. **Претходно изречена мерка:** /

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот програмски надзор реализиран по службена должност врз радио сервисот на Трговското радиодифузно друштво Радио Слободна Македонија ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 5 до 11 март 2018 година, на државно ниво, **е констатирано прекршување на член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*Радиодифузерот е должен да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела*).

Според програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата за радио емитување на 5 јануари 2015 година, за период од 9 години, **Радио Слободна Македонија треба да биде говорно радио со претежно информативен општ формат**. Според Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите (Службен весник бр. 172/2014), форматите за овој вид радиски програмски сервиси се определуваат според два критериуми: (1) според застапеноста на говорните содржини во вкупната емитувана програма во текот на една седмица, без времето одвоено за

содржините што не подлежат на класификација[1]; и (2) според структурата на говорните содржини по вид аудио програми и медиумски функции (информативна, забавна и образовна) што тие ги исполнуваат (член 9 од Правилникот).

Застапеноста на говорните содржини во вкупната емитувана програма во текот на една седмица кај говорно радио треба да биде над 25% (член 10 од Правилникот).

Говорните радија од општ формат мора да содржат најмалку 3 (три) од видовите аудио програми утврдени во Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми, при што видовите програми мора да исполнуваат најмалку две или претежно една медиумска функција (член 11 од Правилникот).

Кај говорните радија од општ формат, кај кои говорните содржини од програмата исполнуваат претежно една медиумска функција, таа не смее да биде застапена со помалку од 50%, ниту со повеќе од 65% во говорниот дел од програмата во текот на една седмица (член 15 од Правилникот). Во случајов на Радио Слободна Македонија говорните содржини од програмата треба да исполнуваат претежно информативна функција и не смеат да бидат застапени со помалку од 50%, ниту со повеќе од 65% во говорниот дел од програмата во текот на една седмица.

Во програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата за радио емитување (достапен на веб страницата на Агенцијата), Трговското радиодифузно друштво Радио Слободна Македонија ДООЕЛ Скопје пријавило дека:

- говорниот дел од програмскиот сервис ќе го емитува на македонски јазик;
- застапеноста на говорните содржини во вкупната емитувана програма во текот на една седмица ќе биде 37.9%;
- говорниот дел од програмата ќе биде составен од 15 видови аудио програми утврдени во Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми кои ќе ги исполнуваат сите три медиумски функции (информативна, забавна и образовна);
- структурата на говорниот дел од програмата според медиумските функции ќе биде:
  - 58.28% - застапеност на аудио програми со информативна функција
  - 7.68% - застапеност на аудио програми со образовна функција
  - 34.04% - застапеност на аудио програми со забавна функција
- застапеноста на сопствената програма на неделно ниво ќе биде 55 часа и 20 минути;
- застапеноста на македонски аудио дела (изворно создадена програма) ќе биде 50% од вкупното време на емитуваните видови програми во говорниот дел од програмата во текот на едно денонокие.

[1] Според точка 17 од Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми (Службен весник бр. 171/2014) на класификација не подлежат: аудио комерцијални комуникации, објави на радиодифузерот во врска со неговите сопствени програми, соопштенија од јавен интерес, апели за добротворни цели, интермецо, верски служби и проповеди, најавни и одјавни шпици, џинглови и авизо.

Со надзорот е констатирано дека радиодифузерот во седмицата од 5 до 11 март 2018 година, не емитуваше говорни, новинарски осмислени програмски целини. Вкупно емитуваната 168 часовна содржина беше составена од музика, а радиодифузерот воопшто не го спроведуваше програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата за радио емитување.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, во седмицата од 5 до 11 март 2018 година, радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво Радио Слободна Македонија ДООЕЛ Скопје, воопшто не го спроведуваше програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела.

9. **Предлог мерка:**

Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво Радио Слободна Македонија ДООЕЛ Скопје, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

Да се изврши контролен надзор за почитувањето на членот 67 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***